Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општата седница одржана на 17.06.2019 година, расправајќи по предлогот на Одделот за судска практика од седницата одржана на 16.10.2018 година, поднесен врз основ на член 61 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, согласно член 37 став 1 точка 1 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018, 198/2018 и 96/2019), со мнозинство на гласови, го утврди следното:

## НАЧЕЛНО ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Правното лице на кое врз основа на договор му се отстапени работите за одржување на државните патишта, одговара за штетата што ќе им биде причинета на корисниците на државните патишта поради пропуштање на навременото извршување на потребните работи и превземање на соодветни мерки за одржување на државните патишта.**

## О б р а з л о ж е н и е

Тргнувајќи од својата уставна обврска за обезбедување единство во примената на законите од страна на судовите и утврденото, дека на подрачјето на четирите апелациони судови постојат неконзинстентни одлуки во врска со примената на одредбите од Законот за јавните патишта и Законот за облигационите односи во споровите за надомест на штета, Општата седница најде дека е потребно со правните инструменти да обезбеди единство во примената на законите и воедначувањето на судската практика.

Правниот институт, причинување на штета, е уреден со одредбите во оддел 2 од Законот за облигационите односи, меѓутоа оставена е можност и со други закони како lex specialis да се уредат одделни прашања во врска со овој правен институт, специфични за односите што се уредуваат со специјалниот закон.

Врз облигационите односи што се уредуваат со други закони и меѓународни договори се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи во прашањата што не се уредени со тој закон или меѓународен договор.

Опфатот на правното прашање е: Кој е одговорен за штета што ќе им биде причинета на корисниците на државните патишта поради пропуштање на навременото извршување на потребните работи и превземање на соодветни мерки за одржување на државните патишта? Дали е одговорно Јавното претпријатие за државни патишта или Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“ Скопје или пак постои солидарна одговорност на двете јавни претпријатија.

Со Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ“ бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 7/16 и 163/16) се уредуваат условите и начинот на управувањето, планирањето, изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето, заштитата на државните патишта и надзорот на јавните патишта. Во член 4 од законот е определено значењето на одделни изрази употребени во законот, според кои под поимот „пат“ се подразбира сообраќаен објект на кој се врши сообраќај, „јавен пат“ е пат кој е определен како јавен пат и може да биде државен или општински, „државен пат“ е јавен пат категоризиран како автопат, експресен пат, магистрален пат и регионален пат од прва и втора категорија.

Планирањето, изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на јавните патишта се работи од јавен интерес. За вршење на работите од јавен интерес и за управување со државните патишта, Владата го основа Јавното претпријатие (Јавно претпријатие за државни патишта) донесува петгодишна програма со која се определува развојот и одржувањето на државните патишта.

Работите на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините, односно Градот Скопје. По исклучок во случај на елементарна непогода и други несреќи, за кои е донесена одлука за кризна состојба од страна на Владата, работите за рехабилитација и реконструкција на општинските патишта и улици, може да го врши и Јавното претпријатие основано од Владата.

Според одредбата од членот 34 став 1 од Законот за јавните патишта, под работи за одржување на јавни патишта во смисла на законот се подразбираат работите на редовно, зимско, периодично и интервентно одржување. Според ставот 2 од овој член, работите од ставот 1 на овој член за државните патишта, Јавното претпријатие може со договор да ги отстапи на извршување на друго јавно претпријатие основано од Република Македонија или на правни лица регистрирани за вршење на овие работи, избрани на јавен оглас согласно со закон.

Одговорот на правното прашање: Кој е одговорен за штетата што ќе им биде причинета на корисниците на јавните патишта и улици е даден со одредбата од членот 38 став 1 од Законот за јавните патишта според која за штетата која ќе им биде причинета на корисниците на јавните патишта и улици поради пропуштање на навремено извршување на потребните работи и превземање на соодветни мерки за одржување на јавните патишта и улици, одговара правното лице на кое врз основа на договор му се отстапени работите за одржување на јавните патишта и улици.

Согласно ставот 2 на овој член: Република Македонија и правното лице на кое врз основ на договор му се отстапени работите за одржување на јавните патишта и улици не одговара за штетата што ќе биде причинета на корисниците на јавните патишта и улица поради удар на возилото во животно, доколку корисникот на патот нема билет за платена патарина – фискална сметка, а согласно рангот на патот задолжително е плаќање патарина или доколку возилото не е регистрирано и доколку возачот кој го управува возилото не поседува возачка дозвола.

Од содржината на одредбата од членот 38 став 1 од законот произлегува дека опфатот на правната норма е поширок од опфатот на правното прашање, затоа што истата се однесува за јавни патишта – државни или општински и улици – сообраќајници во населено место наменети за сообраќај на возила.

Имајќи во предвид дека Јавното претпријатие за државни патишта со договор му ги отстапува работите за одржување и заштита на државните патишта на јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“ – Скопје, во смисла на одредбата од членот 34 став 2 од Законот за јавните патишта, истото согласно одредбата од член 38 став 1 од овој закон е одговорно за штетата што ќе им биде причинета на корисниците на државните патишта поради пропуштање на навремено извршување на потребните работи и превземање на соодветни мерки за одржување на државните патишта.

Со одредбата од членот 38 став 1 од Законот за јавните патишта е исклучена како поединечната, така и солидарната одговорност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Од овие причини, Општата седница со мнозинство го утврди ова начелно правно мислење.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**